**ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ПРИ ПРЕВОЗ, ТОВАРЕЊЕ И РАСТОВАР НА ТОВАРИ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

## 1. ОПШТИ ПРАВИЛА

1.1. При напуштање на кабината на управуваното моторно возило, согласно долунаведените барања на терминалите за товарење и растовар, задолжително треба да се користат работна облека и средства за лична заштита.

1.2. Да не се дозволува загадување на животната средина (воздух, површинскки води, подземни води и почва) во текот на транспортирање, товарење и растовар на товари.

1.3. При влегување во Аурубис Бугарија, во текот на престојувањето во неговата територија и при излегување не се дозволува алкохол со содржина над 0%. Во случај на присуство на алкохол над 0%, се издава записник FM-SRMD-014-B и прекршителите подлежат на казни.

1.4. Сите возачи на територијата на Аурубис Бугарија се обврзани да се движат по одредена сообраќајна рута според патоказите, да користат дневни (кратки) светла, да користат појаси, да ги почитуваат патните знаци, ознаките на патот, светлосната сигнализација и ограничувањето на брзината до **30 км/ч**. Во случај на непочитување на брзината на движење се издава записник FM-SRMD-015-B и прекршителите подлежат на казни.

1.5. Сите возачи на територијата на Аурубис Бугарија мора да ги почитуваат наредбите на персоналот на Аурубис Бугарија и на компанијата за обезбедување.

1.6. Сите моторни возила кои влегуваат во Аурубис Бугарија преку Северниот портал, поминуваат низ систем за контрола на радијација. Во случај на континуиран алармен сигнал, возилото застанува на паркингот до ГПП № 2 за понатамошна контрола на радијацијата.

1.7. При извршување на активности за товарење и растовар, возилата, вклучително полуприколки и приколки, возачот треба да ги заклучува со помош на приклучоци поставени на тркалата на задната оска.

1.8. Во случај кога се очекува возачот да учествува во активности за товарење и растовар **во производствено подрачје надвор подолу наведените терминали**, тој треба да биде опремен со соодветна лична заштитна опрема и работна облека, кои мора да се користат и да се означени со знаци пред да влезе во подрачјето.

1.9. Забрането е присуство на возачот или на други лица на приколката, како и на помалку од 5 м. од возилото, за време на товарење/растовар.

1.10. На територијата на Аурубис Бугарија **е забрането фотографирање и видео снимање**. Тие се вршат само по изречна писмена дозвола. Се изрекуваат казни за прекршителите.

1.11. За време на престојот на територијата на Аурубис Бугарија, помеѓу мерењето на бруто и тара, соодветно тара и бруто, забрането е да се вршат активности (како фрлање/товарење предмети, цедење/додавање течности итн.) кои би влијаеле на мерењето на вагите.

1.12. Не е дозволено оштетување, демонтирање и исклучување на компоненти од системите за контрола на пристап, видео надзор и сигнална безбедносна опрема.

## 2. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ИНСТРУКТАЖА

2.1. Почетната инструктажа на возачот се евидентира со неговиот потпис во книгата за почетна инструктажа. На лицата кои поминале почетна инструктажа им се издава постојана пристапна картичка за достап на возачи на моторни возила, во случаи кога вршат постојани активности за товарење/растовар на територијата на Аурубис Бугарија. Картичка за привремен пристап им се издава на возачи на моторни возила кои вршат еднократни активности за товарење/растовар во работните зони и терминали.

2.2. Картичка за привремен пристап се издава при првата посета на Аурубис Бугарија, по запознавање со OD-HNSD-001-B Правилата за безбедност при работа при превоз, товарење и растовар на товари за превоз во патен сообраќај (Правилата) и му се врачува

на возачот на моторното возило, при што на излегување, привремената картичка се враќа на обезбедувањето на Северниот портал.

2.3. На следното влегување на истиот возач му се издава нова картичка за привремен пристап.

2.4. Во случај на промена на Правилата, секој возач на моторно возило задолжително поминува на почетна инструктажа.

## 3. КАЗНИ

3.1. При непочитување на погоре наведените барања, се издава образец за прекршок FM-HNSD-028-B и записник за казна FM-PROC-014-B.

3.2. **За персоналот на надворешни компании и добавувачи** се изрекува казна од 200 лева за фирмите кои имаат договорни односи со Aurubis Bulgaria.

За т. 1.3.; т. 1.4. и т. 1.12. се изрекуваат казни согласно Наредбите на Извршниот директор на Аурубис Бугарија.

3.3. Во случај на повторно прекршување на правилата за безбедност и здравје при работа и заштита на животната средина **од страна на исто лице во рок од 1 година**, лицето се отстранува од работниот објект и му се одзема пристапот до територијата на Аурубис Бугарија за период од 1 година.

## 4. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ЛИЧНА ЗАШТИТА, РАБОТНА ОБЛЕКА И СПЕЦИФИЧНИ ПРАВИЛА ЗА ТОВАРЕЊЕ И РАСТОВАР ВО ТЕРМИНАЛ

| ТЕРМИНАЛ БР.: | ЗОНА: |
|---|---|
| **А** | **СЕКТОР „МЕТАЛУРГИЈА“** |
| А1 | Терминал за истоварување на камиони во Складиште „Отпад - аноди и кокс” |
| А2 | Терминал „Kardox” - дел „Топилен“, пат бр. 39 (товарен лифт), ADR |
| А3 | Терминал за истоварување на азот (северно од опремата за прочистување на гасови), ADR |
| А4 | Терминал за истоварување на камиони во Складиште „Бакарен отпад“ |
| А5 | Терминал за истоварување на кипери во Складиште „Бакарни концентрати“ |
| А6 | Терминал за истоварување на камиони на локацијата за складирање на суровински смеси (песок и златоносен концентрат) |
| А7 | Терминал за истоварување на натриум хидроксид, пат бр. 63 (Пречистителна станица за хемиски третман на вода), ADR |
| А8 | Терминал за истоварување на камиони со негасена вар, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>* со исклучок на: Терминал А2 - Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (антистатични) – согласно БДС EN 1149-1:2006<br>* со исклучок на: Терминал А7 - Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (отпорни на киселина) – согласно БДС 11665-73<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>* со исклучок на: Терминал А7 - Заштитни очила (затворен тип) – согласно БДС EN 166:2003 1BT или заштитен штит (транспарентен) согласно БДС EN 166:2003<br>7. Заштитни нараквици со механичка заштита – согласно БДС EN 388:2016<br>* со исклучок на: Терминал А2 - Заштитни нараквици (антистатични) – согласно EN 16350:2014<br>* со исклучок на: Терминал А7 - Заштитни нараквици со хемиска заштита – согласно БДС EN 374:2015 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **А2** | **Терминал „Kardox” - дел „Топилен“, пат бр. 39 (до товарен лифт), ADR** |
| | Истоварување на компримиран природен гас (Метан), ADR<br>1. Координатор, експлозивни активности и печка за топење или Координатор, Котел Утилизатор, ја исклучува опремата под притисок, го испразнува системот и ја подготвува цилиндеровата група за работа со исклучување на брзото поврзување на цревото со банделот.<br>2. Возачот заземјува со исправен кабел за заземјување на специјализирано моторно возило, и се поврзува со местото /плочата/ наменето за оваа цел на специјализираното моторно возило со опремата за заземјување на |

| | |
|---|---|
| | станицата за полнење на метан.<br>3. Сите дејствија на возачот на специјализираното моторно возило се изведуваат под директна контрола на Координаторот, експлозивни активности и печка за топење или Координатор, Котел Утилизатор. |
| **A4** | **Терминал за истоварување на камиони во Складиште „Бакарен отпад“** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата источно од складиште „Бакарен отпад“.<br>2. Согласно упатствата на Главниот контролор квалитет/ Контролор квалитет на рециклирани производи, моторното возило влегува во складиштето и растоварува на местото коешто е одредено за таа цел.<br>3. По растоварувањето на бакарниот отпад, возачот го чисти возилото во складиштето и ја напушта територијата на компанијата. |
| **A5** | **Терминал за истоварување на кипери во Складиште „Бакарни концентрати“** |
| | 1. Возачот го растоварува моторното возило во одредениот за таа намена бункер /по дадени упатства од страна на Главниот Мајстор, доколку е потребно/.<br>2. Не е дозволено користењето на камиони без задни капаци и покривала.<br>3. Корпата на камионот се отстранува кога камионот е позициониран пред бункерот и веднаш по чистењето со шпатула на одреденото за таа цел место. Не е дозволено камионот да се движи со подигната корпа!<br>4. За време на топлите месеци, по чистењето, камионот мора да се чисти и во автопералница. |
| **A7** | **Терминал за истоварување на натриум хидроксид, пат бр. 63 (Пречистителна станица за хемиски третман на вода), ADR** |
| | 1. Возачот ја позиционира цистерната, така што цревото од неа до вентилот за вшмукување на пумпата може да се постави без превиткување.<br>2. Операторот на Инсталацијата за третман на водата го поврзува цревото од цистерната со млазницата на вентилот за вшмукување на пумпата за растовар и ја стартува пумпата, по што возачот го отвора вентилот на цистерната.<br>3. По префрлувањето на целата количина, возачот го затвора вентилот на цистерната. Пумпата мора да работи уште малку време, додека операторот го затвора вентилот на линијата за вшмукување и само потоа ја исклучува пумпата.<br>4. По завршување на истоварувањето, возачот внимателно го демонтира цревото и ја напушта локацијата за растовар.<br>5. Операторот на Инсталацијата за третман на водата задолжително ја дренира линијата на притисок /во садовите подготвени за таа намена/, за да се избегне кристализацијата на NaOH во цевките и вентилите. Вентилите остануваат отворени.<br>6. Работната површина се измива, а загадената вода се одведува во киселинската канализација. |
| **A8** | **Терминал за истоварување на камиони со негасена вар, ADR** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување и чека инструкции од страна на Началник смена „Металургија“.<br>2. Ако има посипана негасена вар околу камионот, возачот мора да ја почисти пред заминување. Внимателно проверува дали околу задниот капак има грутки вар коишто не се паднале. |

| B | ПРОИЗВОДСТВО НА СУЛФУРНА КИСЕЛИНА |
|---|---|
| B1 | Терминал за полнење на гасно масло ADR |
| B2 | Терминал за полнење на водно стакло, сектор за плакнење I линија |
| B3 | Терминал за полнење на водно стакло, сектор за плакнење II линија |
| B4 | Терминал за товарење на сулфурна киселина, мали пратки, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (отпорни на киселина) – согласно БДС EN 13688:2013 и БДС 11665-73<br>* со исклучок на: Терминал B1 - Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (отпорни на киселина и антистатични) – согласно БДС 11665-73 + БДС EN 1149-1:2006<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар– согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>* со исклучок на: Терминал B1 и Терминал B4 - Заштитни очила (затворен тип) – согласно БДС EN 166:2003 1BT или заштитен штит (транспарентен) согласно БДС EN 166:2003<br>7. Заштитни нараквици со механичка и хемиска заштита – согласно БДС EN 388:2016 + БДС EN 374:2015 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **B1** | **Терминал за полнење на гасно масло, ADR** |
| | 1. Возачот мора да ја напушти шоферската кабина и да е опремен со горенаведената работна облека и опрема за лична заштита.<br>2. Цистерната ја заземјува со исправен кабел за заземјување, поврзувајќи го одреденото за таа цел место на цистерната (плочата) со прекинувачот за заземјување со резервоарот за нафта.<br>3. Возачот на цистерната чека додека Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ дојде на локацијата за подготовка на истоварувањето.<br>4. Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ го отклучува катанецот на местото за поврзување.<br>5. Возачот ја монтира флексибилната врска од камионот на системот за растовар.<br>6. Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ја вклучува пумпата за истоварување.<br>7. Возачот на камионот чека во шоферската кабина додека се заврши процесот на истоварување и Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ ја исклучи пумпата.<br>8. Возачот ја демонтира флексибилната врска и ја враќа во камионот.<br>9. Возачот ги врачува сите потребни документи на Операторот I ниво - Акцизен даночен документ, Товарен лист, Сертификат за квалитет, Записник за маркирање на гасно масло и слично.<br>10. Ја напушта локацијата и ја транспортира цистерната за мерење на вага за возила. |

| | |
|---|---|
| **B2, B3** | **Терминал за полнење на водно стакло, сектор за плакнење I/ II линија**<br>1. Возачот мора да ја напушти шоферската кабина и да е опремен со горенаведената работна облека и опрема за лична заштита.<br>2. Ако треба да се качи на цистерната, возачот треба да биде опремен со колективна или лична заштитна опрема против паѓање од висина.<br>3. Возачот на цистерната чека додека Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ дојде на локацијата за подготовка на истоварувањето.<br>4. Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ му го покажува на возачот местото за поврзувањуе на флексибилната врска.<br>5. Возачот ја монтира флексибилната врска од камионот на системот за истоварување.<br>6. Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ ја вклучува пумпата за истоварување на водно стакло во приемниот резервоар.<br>7. Возачот на камионот чека додека се заврши процесот на истоварување и Операторот I ниво во сектор „Производство на сулфурна киселина“ ја исклучи пумпата.<br>8. Возачот мора да ја демонтира флексибилната врска во присуството на Операторот I ниво и ја враќа во камионот.<br>9. Забранетo е дренирањето на флексибилната врска ако не е наведено место од страна на Операторот I ниво во случај на потреба од дренирање.<br>10. Возачот ги врачува сите потребни документи на Операторот I ниво - Товарен лист, Сертификат за квалитет, Записник за примопредавање на водно стакло.<br>11. Возачот ја напушта локацијата и ја транспортира цистерната за мерење на вага за возила. |
| **B4** | **Терминал за товарење на сулфурна киселина, мали пратки, ADR**<br>1. Возачот мора да ја напушти шоферската кабина и да е опремен со горенаведената работна облека и опрема за лична заштита.<br>2. При отворање на отворот за полнење на цистерната, возачот треба да биде опремен со колективна или лична заштитна опрема против паѓање од висина.<br>3. Возачот ја позиционира цистерната под цевката за полнење.<br>4. Ја напушта локацијата за време на полнењето на цистерната.<br>5. Возачот чека да биде известен од страна на Операторот во сектор „Производство на сулфурна киселина“ дека цистерната е полна.<br>6. Операторот во сектор „Производство на сулфурна киселина“ му дава на возачот пломби за поставување на отворот/ отворите на цистерната и потребните документи за експедиција - нарачка за експедиција и сертификат за квалитет.<br>7. Потоа, возачот се позиционира на локацијата на паркингот.<br>8. Возачот го/ ги затвора отворот/ отворите на цистерната и е опремен со колективна или лична заштитна опрема против паѓање од висина.<br>9. Возачот ја напушта локацијата и ја транспортира цистерната за мерење на вага за возила.<br>10. Строго е забранет престојот на возачот околу или внатре во шоферската кабина на камионот за време на полнењето на цистерната со киселина. |

| C | СЕКТОР „РАФИНЕРИЈА“ |
|---|---|
| C1 | Терминал за товарење на камиони со катоден бакар |
| C2 | Терминал за товарење на камиони со аноден отпад, ADR |
| C3 | Терминал за товарење на камиони со никел сулфат, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:20 03 1FT |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **C1** | **Терминал за товарење на камиони со катоден бакар** |
| | 1. Товарниот простор на возилото мора да биде чист.<br>2. Влегувањето во северниот дел на Рафинеријата е преку југоисточниот влез.<br>3. Отворањето на церадата на возилото се врши непосредно пред платформата за товарење, а возачот користи опрема за лична заштита.<br>4. По позиционирањето за товарење, моторот на возилото се исклучува.<br>5. Возачот ги одредува местата за позиционирање на пакетите во приколката.<br>6. За време на товарењето на пакетите со катодниот бакар е забрането присуството на возачот или други лица во просторот на приколката, како и на помалку од 5 метри од моторното возило.<br>7. По натоварувањето, возачот има право да се качи во товарниот простор/ приколката, да провери дали позиционирањето на пакетите се врши на одредените од него места и да побара прераспределување/ преместување на товарот, доколку е потребно.<br>8. Возачот го обезбедува товарот со товарен сигурносен ремен.<br>9. Возачот го позиционира натовареното возило во западниот дел на локацијата, со цел обработка и подготовка на документите.<br>10. Затворање на церадата на каросеријата и пломбирање.<br>11. Забранет е влезот во канцеларијта на Складиштето.<br>12. Забрането е пушењето на платформата за товарење.<br>13. Излегувањето за натовареното моторно возило е при северо-западната бариера на локацијата. |
| **C2, C3** | **Терминал за товарење на камиони со аноден отпад, ADR, Терминал за товарење на камиони со никел сулфат, ADR** |
| | 1. Возилото мора да биде опремено со потребниот број на товарни сигурносни ремени, со цел обезбедување на товарот за време на транспортирањето до клиентот.<br>2. Возилото мора да биде опремено со потребниот број на метални шипки, со цел обезбедување на товарот за време на транспортирањето до клиентот.<br>3. Возачот е одговорен за поставувањето на сигурносните ремени и шипките.<br>4. Товарниот простор на возилото мора да биде чист. |

| D | СЕКТОР „ФАБРИКА ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ“ |
|---|---|
| D1 | Терминал за истоварување на калиум изобутил ксантогенат, ADR |
| D2 | Терминал за товарење на камиони со железен силикат |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>7. Заштитни нараквици за механичка и хемиска заштита – согласно БДС EN 388:2016 + БДС EN 374:2015 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **D1** | **Терминал за истоварување на калиум изобутил ксантогенат, ADR**<br>1. При пристигнувањето во сектор „Фабрика за Збогатување“, на паркингот пред Административната зграда возачот мора да исчека упатствата на Началникот смена за товарење/ истоварување.<br>2. Церадата на возилото се отвора на платформата за товарење непосредно пред товарење. Затворањето се врши по натоварувањето, исто така на платформата за товарење.<br>3. По позиционирањето за товарење, моторот на возилото се исклучува.<br>4. Ако патиштата не се попрскани, движењето на Моторното возило се прекинува. |
| **D2** | **Терминал за товарење на камиони со железен силикат**<br>1. Возачот е одговорен за одржувањето на чистота во товарниот простор на киперот /корпата/.<br>2. Возачот ги одредува местата за позиционирање на товарот во приколката/ корпата на киперот.<br>3. Не е дозволено користењето на камиони без задни капаци и церада.<br>4. Ако патиштата не се попрскани, движењето на Моторното возило се прекинува. |
| **E** | **ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ВОДА /ПВ/** |
| E1 | Терминал за истоварување на камиони со негасена вар во Пречистителна станица, ADR |
| E2 | Терминал за истоварување на камиони со ферихлорид во Пречистителна станица, ADR |
| E3 | Терминал за истоварување на камиони со солна киселина во Пречистителна станица, ADR |
| E4 | Терминал за истоварување на водород пероксид во Пречистителна станица, ADR |
| E5 | Терминал за истоварување на камиони со ферихлорид, ADR/ сулфурна киселина, ADR/ хидратна вар во Пречистителна станица за дождовна вода |
| **Работна облека и Опрема за** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (отпорни на киселина) – согласно БДС EN 13688:2013 + БДС 11665-73 |

| | |
|---|---|
| **лична заштита** | 2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>* со исклучок на: Терминал Е2 - Заштитни очила (затворен тип) БДС EN 166:2003 1BT или заштитен штит (транспарентен) БДС EN 166:2003<br>* со исклучок на: Терминал Е5 – Ферихлорид/ сулфурна киселина - Заштитни очила (затворен тип) БДС EN 166:2003 1BT или заштитен штит (транспарентен) БДС EN 166:2003<br>7. Заштитни нараквици за механичка и хемиска заштита – согласно БДС EN 388:2016 + БДС EN 374:2015 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **E1** | **Терминал за истоварување на камиони со негасена вар во Пречистителна станица, ADR** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување и чека упатства од страна на Операторот, хемиски процеси.<br>2. По растоварот на негасената вар во бункерот и започнување на истоварувањето, возачот не ја напушта локацијата на истоварување без дозвола од страна на Операторот.<br>3. Ако има посипана негасена вар околу камионот, возачот мора да ја почисти пред заминување. Внимателно се осигурува дека околу задниот капак нема грутки вар. |
| **E2** | **Терминал за истоварување на камиони со ферихлорид во Пречистителна станица, ADR** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување непосредно до резервоарите и чека упатства од страна на Операторот, хемиски процеси.<br>2. Внимателно го прицврстува приклучокот /цревото/ на млазницата со која се растоварува ферихлоридот, а претходно е извршил проверка на исправноста на сите поврзувачки елементи.<br>3. По завршувањето на истоварувањето, возачот внимателно го демонтира цревото и се осигурува дека нема разлевање на преостанат ферихлорид во него, додека се позиционира во отворот на резервоарите. Ја напушта локацијата на истоварување, и се осигурува дека на платформата нема посипан ферихлорид од цистерната или млазницата за истоварување. |
| **E3** | **Терминал за истоварување на камиони со солна киселина во Пречистителна станица, ADR** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување непосредно до резерворот и чака упатства о страна на Операторот, хемиски процеси.<br>2. Внимателно го прицврстува приклучокот /цревото/ на млазницата со која се растоварува солната киселина, а претходно е извршил проверка на исправноста на сите поврзувачки елементи.<br>3. По завршувањето на истоварувањето, возачот внимателно го демонтира цревото и се осигурува дека нема разлевање на преостаната солна киселина во него, додека се позиционира во отворот на резервоарите. Ја |

| | |
|---|---|
| | напушта локацијата на истоварување, и се осигурува дека на платформата нема посипана солна киселина од цистерната или млазницата за истоварување. |
| **E5** | **Терминал за истоварување на камиони со хидратна вар во Пречистителна станица за дождовна вода** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување и чека упатства од страна на Операторот, хемиски процеси.<br>2. Го прицврстува цревото за истоварување на камионот на млазницата на резервоарот.<br>3. Одржување /со работа на моторот на камионот/ таков притисок во цистерната, каков е потребен за истоварувањето. Согласно упатствата на Операторот, хемиски процеси, е можно овој процес да треба неколку пати да се прекинува и продолжува.<br>4. По завршување на истоварувањето, возачот внимателно го демонтира приклучокот. Не заминува  додека се не осигури дека нема да ги загади патиштата и платформите со хидратна вар. |
| **E5** | **Терминал за истоварување на камиони со ферихлорид, ADR/ сулфурна киселина, ADR во Пречистителна станица за дождовна вода** |
| | 1. Возачот го паркира моторното возило на локацијата за истоварување непосредно до резервоарите и чека упатства од страна на Операторот, хемиски процеси.<br>2. Внимателно го прицврстува приклучокот /цревото/ на млазницата со која се растоварува ферихлоридот/ сулфурната киселина, а претходно е извршил проверка на исправноста на сите поврзувачки елементи.<br>3. По завршувањето на истоварувањето, возачот внимателно го демонтира цревото и се осигурува дека нема разлевање на преостанат/а ферихлорид/ сулфурна киселина во него, додека се позиционира во отворот на резервоарите. Ја напушта локацијата на истоварување, и се осигурува дека на платформата нема посипување од цистерната или млазницата за истоварување. |
| **F** | **СКЛАДИШТЕ** |
| F1 | Терминал за истоварување на резервни делови, материјали и потрошен материјал во Централното складиште |
| F2 | Терминал за истоварување во Складиште „Градежни работи“ и Складиште „Алати“ |
| F3 | Терминал за истоварување во Складиште „Инвестиции“ |
| F4 | Терминал за истоварување во Складиште „Големи инвестициски проекти“ |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитни очила за механичка заштита– согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>6. Заштитни нараквици за механичка заштита – БДС EN 388:2016 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **F1, F2, F3, F4** | **Терминал за истоварување на резервни делови, материјали и потрошен материјал во Централното складиште, Терминал за истоварување во Складиште „Градежни работи“ и Складиште „Алати“,** |

| | |
|---|---|
| | **Терминал за истоварување во Складиште „Инвестиции“, Терминал за истоварување во Складиште „Големи инвестициски проекти“** |
| | 1. По пристигнувањето на соодветниот терминал, возачот на моторното возило чека упатства за истоварување согласно инструкциите на Работникот кој го сервисира Складиштето и/ или Специјалистот за Оперативни покупки и Складиштна администрација.<br>2. По позиционирањето за истоварување, возачот на моторното возило го исклучува моторот на Моторното возило со помош на наведената Опрема за лична заштита, ја отвора приколката и ги ослободува товарните сигурносни ремени.<br>3. Возачот на моторното возило е должен да ги почитува барањата за вршење на дејности за товарење и истоварување, согласно спецификите на испорачаните материјали.<br>4. Забрането е пушењето на локацијата за истоварување, освен на специјално наменетите за таа цел места.<br>5. Забрането е влегувањето во канцелариите на Складиштето.<br>6. Обработката и/ или составувањето на документите се врши само на специјално означените за таа цел места.<br>7. По истоварувањето, возачот на моторното возило ја затвора приколката и ја напушта локацијата за истоварување. |
| **G** | **ЕНЕРГЕТСКИ ИЗВОРИ** |
| G1 | Терминал за истоварување на течен гас „Пропан-бутан“ – Складиште „Пропан-бутан“,ADR |
| G2 | Терминал за истоварување на спакувани мазива – Складиште за мазут |
| G3 | Терминал за истоварување на гасно масло – Станица „Парен котел“, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (антистатични) – согласно БДС EN 1149-1:2006<br>* со исклучок на: Терминал G2 - Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар– согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>* со исклучок на: Терминал G2 - Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT – ако е потребно<br>6. Заштитни нараквици - антистатични (механичка заштита) – согласно БДС EN 388:2016 EN 16350:2014<br>* со исклучок на: Терминал G2 - Заштитни нараквици за механичка заштита – согласно БДС EN 388:2016 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **G1** | **Терминал за истоварување на течен гас „Пропан-бутан“ – Складиште „Пропан-бутан“, ADR** |
| | 1. Сите активности на возачот на моторното возило со врска со истоварувањето на гас пропан-бутан, се вршат под непосредната контрола на Монтажер, оператор на енергетска опрема.<br>2. Заземјува се со исправен кабел за заземјување на цистерната, и наменетото за таа цел место /плоча/ на цистерната се поврзува со |

| | |
|---|---|
| | елементот за заземјување.<br>3. Демонтираат се слепите прирабници на гасната и течната фаза на цистерната со помош на потребниот за таа цел заштитен /кој не предизвикува искри/ алат.<br>4. Сигурно се поврзуваат подвижните црева на гасната и течната фаза на наменетите за таа цел прирабници на цистерната.<br>5. Внимателно се отвораат вентилите на гасната и течна фазата на цистерната за истоварување.<br>6. По завршување на истоварувањето, внимателно се затвораат сферичните вентили на линијата за полнење и на гасната фаза.<br>7. Затвораат се вентилите на гасната и течната фаза на цистерната за истоварување.<br>8. Намалува се притисокот на цревата на вентилите за дренирање и се демонтираат од цистерната.<br>9. Монтираат се слепите прирабници на цистерната со потребниот за таа цел заштитен алат.<br>10. По извршеното природно проветрување на локацијата, каблите за заземјување се демонтираат и отстрануваат.<br>11. По проветрување на локацијата, цистерната го напушта складиштето и се транспортира за мерење на вага за возила.<br>12. Возачот ги доставува во канцеларијата „Енергетски извори“ потребните документи што ја придружуваат испораката и добива заверка на Акцизниот даночен документ. |
| **G2** | **Терминал за истоварување на спакувани мазива – Складиште за мазут** |
| | 1. Истоварувањето на спакувани мазива од транспорни возила – камиони и комбиња на рампата и нивното складирање на наменетите за различните типови места се врши од страна на Монтажер оператор енергетска опрема со помош на:<br>- платформска количка за кофи и картонска амбалажа со шишиња<br>- количка за барели - до 400 кг:<br>➢ двата долни заби на складиштната количка се поставуваат непосредно до долниот раб на барелот<br>➢ горниот држач се прицврстува на горниот раб на барелот<br>➢ со помош на рачките, количката се наклонува назад и барелот се транспортира до одредената локација<br>➢ при достигнување на локацијата за складирање, количката се наклонува напред, се ослободува горниот држач и се повлекува од местото под барелот.<br>- виљушкар за рачно подигање на барели:<br>➢ горниот држач се прицврстува на горниот раб на барелот<br>➢ со помош на педалот или рачката, барелот малку се подига и со притискање на рачката надолу се става долниот потпорен држач<br>➢ барелот е подготов за транспортирање, а со користење на педалот или рачката се определува потребната висина<br>➢ со помош на страничната завртка и вртење надесно на рачното тркало, барелот може да биде позициониран и хоризонтално или со потребниот наклон<br>➢ ослободувањето на барелот се изведува во обратен редослед<br>- виљушкар за рачно подигање за складиштни палети<br>➢ со притискање водечките ролки се поставуваат надолжно под палетата<br>➢ со помош на педалот или рачката, палетата малку се подига и |

| | |
|---|---|
| | е подготвена за транспортирање<br>➢ користејќи ги педалот или рачката, се определува потребната висина<br>➢ ослободувањето на палетата се изведува во обратен редослед. |
| **G3** | **Терминал за истоварување на гасно масло – Станица „Парен котел“, ADR** |
| | 1. Сите активности во врска со истоварувањето на гасно масло, возачот ги изведува под непосредната контрола на Мотажер, оператор енергетска опрема;<br>2. Се заземјува со исправен кабел за заземјување на цистерната, и се поврзува местото /плочата/ на цистерната наменето за таа цел со елементот за заземјување;<br>3. Подвижното црево за истоварување на дизел-гориво се прицврстува на на млазницата на цистерната и на млазницата на линијата за полнење на резервоарот;<br>4. Ги отвора вентилите на цистерната за истоварување на дизел-гориво;<br>5. Ја вклучува пумпата за истоварување на цистерната;<br>6. По завршување на истоварувањето ја исклучува пумпата, ги затвора вентилите на цистерната и ги откачува цревата од млазниците и кабелот за заземјување;<br>7. Возачот ги доставува сите потребни документи на Монтажерот, оператор енергетска опрема – Акцизен даночен документ, Товарен лист, Сертификат за квалитет, Протокол за маркирање на гасно масло, итн.;<br>8. Возачот ја напушта локацијата и ја транспортира цистерната за мерење на вага за возила; |
| **H** | **ЕКОЛОГИЈА** |
| H1 | Терминал за товарење и истоварување во Депо бр. 1 |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>7. Заштитни нараквици со механичка заштита – согласно БДС EN 388:2016 |
| **I** | **АНАЛИТИЧКИ ЛАБОРАТОРИИ** |
| I1 | Терминал за истоварување на ацетилен, ADR |
| I2 | Терминал за истоварување на течен аргон во криогенски сад, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 |

| | |
|---|---|
| | + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитна полумаска со филтер ABE1P3 – согласно БДС EN 14387:2004+A1:2008 + БДС EN 143:2002<br>6. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>7. Заштитни нараквици со механичка заштита – согласно БДС EN 388:2016 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **I2** | **Терминал за истоварување на течен аргон во криогенски сад, ADR** |
| | Возачот е одговорен за правилното и безбедното истоварување на течен аргон во криогенски сад со изведување на следниве активности:<br>1. Возачот го отвара вентилот V21 на криогенскиот сад за да го ослободи притисокот.<br>2. Ги отвора вентилите V1 и V2.<br>3. Полека се отвора издувниот вентил на цистерната.<br>4. Отвора се вентилот за зголемување на притисокот во цистерната, а со помош на манометар се следи притисокот да не ја надминува референтната вредност.<br>5. Кога притисокот го приближи работниот притисок на криогенскиот сад, се затвора вентилот за зголемување на притисокот во цистерната.<br>6. Полнењето започнува со истовремено следење на мерачот на притисок и нивото на мерачот на криогенскиот сад.<br>7. Кога започне да истекува течност од вентилот за визуелна контрола V21, се затвораат издувниот вентил на цистерната и вентил V21.<br>8. Се затвораат вентили V1 и V2.<br>9. Се отвора вентилот за дренирање на цистерната со која се врши истоварувањето.<br>10. По истоварувањето на целиот производ од подвижното поврзувачко црево, цревото се откачува од криогенскиот сад.<br>11. Началник смена и службено лице за безбедносна експлоатација, се одговорни за следење на активностите во врска истоварувањето на течен аргон во криогенскиот сад. |
| **J** | **ТЕРМИНАЛ „ТРПЕЗАРИЈА“** |
| J1 | Терминал за товарење и истоварување во Трпезарија бр. 1 |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитни нараквици за механичка заштита – БДС EN 388:2016 |
| **K** | **М-ТРАНС ЕООД** |
| K1 | Терминал за полнење на гориво – Бензинска станица, ADR |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони (антистатични) – согласно БДС EN 1149-1:2006<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека |

| | |
|---|---|
| | 4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитни очила за механичка заштита (затворен тип) – согласно БДС EN 166:2003 1BT или заштитен штит (транспарентен) БДС EN 166:2003<br>6. Заштитни нараквици за механичка и хемиска заштита – согласно БДС EN 388:2016 + БДС EN 374:2015 |
| **ТЕРМИНАЛ** | **СПЕЦИФИЧНИ БАРАЊА ЗА ТОВАРЕЊЕ/ ИСТОВАРУВАЊЕ** |
| **K1** | **Терминал за полнење на гориво – Бензинска станица, ADR** |
| | **Прием и истоварување на цистерни со дизел-гориво.**<br>Под непосредната контрола на одговорното лице на бензинската станица на компанијата, возачот на возилото ги врши активностите во врска истоварувањето во следниот редослед:<br>1. Цистерната ја заземјува со исправен кабел за заземјување, поврзувајќи го означеното место на цистерната (планка) со елементот за заземјување;<br>2. Подвижното црево за истоварување на дизел-горивото го прикачува на млазницата на цистерната и на млазницата на линијата за полнење на резервоарот;<br>3. Го отвора вентилот за деаерација на резервоарот или го прицврствува подвижното црево на млазницата на вентилот и на млазницата на цистерната;<br>4. Ги отвора вентилите на цистерната за истоварување на дизел-горивото;<br>5. Истоварувањето е гравитациско;<br>6. По завршување на истоварувањето, ги затвора вентилите на цистерната и цревата ги откачува од млазниците и кабелот за заземјување.<br>7. За време на истоварувањето одговорното лице на бензинската станица на компанијата ја следи количината што се растоварува според бројачите на цистерната.<br>8. Возачот на возилото го затвора вентилот на цистерната. |
| **L** | **СКЛАДИШТЕ „ЛУРГИ“** |
| L1 | Терминал за истоварување во Складиште „Лурги“ |
| **Работна облека и Опрема за лична заштита** | 1. Работна облека, јакна и полукомбинезон, или комбинезон, или панталони – согласно БДС EN 13688:2013<br>2. Работни чевли со заштитна капица и влошка – согласно БДС EN 20345:2011 S3<br>3. Рефлектирачки елек / Рефлектирачка работна облека<br>4. Заштитна кацига со заштита од струен удар – согласно БДС EN 397:2012 + БДС EN 50365:2003<br>5. Заштитни очила за механичка заштита – согласно БДС EN 166:2003 1FT<br>6. Заштитни нараквици за механичка заштита – БДС EN 388:2016 |